THE GOVERNANCE GROUP

# Екстракт од Надворешната Евалуација на програмата на Нансен Дијалог Центар во Северна Македонија

(2008-2019)

**Извршно резиме**

Почнувајќи од 2008 година, Норвешкото Министерство за надворешни работи (НМНР) постојано го поддржува Нансен дијалог центарот (НДЦ) Скопје, во Северна Македонија, во спроведувањето на голем број проекти фокусирани на образование за интеграција и помирување. Проектите се спроведени во контекст на напорите и предизвиците на Северна Македонија за препознавање на нејзината културна, етничка и верска разновидност, а истовремено обезбедуваат мир и социјална кохезија. Со текот на времето, НДЦ применува методологија на интегрирано и интеркултурно образование (НМИО) во 19 општини, што вклучува 27 основни и средни училишта во кои наставата се организира паралелно на два или повеќе службени јазици. Заедничките часови за деца од различни етнички групи, што се одвиваат еднаш или двапати неделно помеѓу училишните смени, нудат единствен простор за интеракција и заедничко учење на два јазика. Часовите придонесуваат за развој на соработката, конструктивната комуникација, почитувањето и прифаќањето на различноста и за поттикнување на логичко, флексибилно и критичко мислење. Капацитетите на наставниците се градат преку Центарот за обука на НДЦ Скопје, чиешто основање го поддржа Министерството за образование и наука. Во август 2019 година, норвешкото Министерство за надворешни работи (НМНР) нарача екстерна ревизија на целата програма на НМИО (2008-2019), за да процени дали програмата ги постигнала своите цели и да даде препораки за понатамошна работа. Ревизијата е водена според критериумите на ОЕЦД/ДАЦ (релевантност, ефективност, ефикасност, влијание и одржливост). Процесот на ревизија вклучуваше преглед на сите политики и севкупна програмска документација, како и теренска посета со интервјуа лице в лице и на далечина, со над 100 испитаници во Северна Македонија, Западен Балкан и Норвешка. Ревизијата покажа дека програмата НМИО на НДЦ Скопје е многу важна во контекст по конфликтот и за реформите во Северна Македонија и дека таа е усогласена со сите приоритети на НМНР, стратешките приоритети на земјата во образованието и социјалната кохезија и потребите на училиштата опфатени со неа. И покрај тоа што приоритетот на интеркултурно образование е препознаен од македонската влада, телата задолжени за образованието, донаторската заедница и организациите на цивилното општество, иницијативите во голема мера, сепак, зависат од надворешни извори на финансирање. Се смета дека дизајнот на програмата и избраниот пристап се соодветни и ефективни бидејќи го вградуваат НМИО во редовниот образовен процес. Ова вклучува обезбедување простор за интеракција на децата кои инаку не би комуницирале во текот на образованието, коешто е поделено врз основа на наставниот јазик и во голема мера кореспондира со етничкото потекло на децата. НДЦ Скопје овозможува изградба на капацитети на наставниците и на раководните лица во училиштата за спроведување на

НМИО, проследено со менторство, работни планови, алатки за имплементација за основните и средните училишта и опрема и материјали за работилници. За разлика од другите програми, НМИО успеа да ги поддржи активностите во истите училишта 5-6 години, благодарение на постојаната поддршка од НМНР. НДЦ Скопје ја поддржа и анализата на содржините посветени на мултикултурализмот и интеркултурализмот во учебниците, ревизијата на наставните програми и развојот на стратешки документи за интеркултурно образование. И покрај тоа што оваа активност е завршена, таа сепак не се спроведува поради недостиг на политичка поддршка од Министерството за образование и наука. Други големи проекти за интеркултурно образование во Северна Македонија ги спроведуваат УСАИД и нејзините партнери и ОБСЕ. Во моментов нема преклопување или координација помеѓу овие и активностите на НМИО. Ревизијата покажува дека синергијата помеѓу програмите може да биде од заемна корист, па дури и да ги елиминира политичките бариери. Во однос на ефикасноста, НДЦ Скопје и НМНР одржуваат отворена и честа комуникација, а сите отстапувања од првичниот план за спроведување се договорени и одобрени. Сѐ на сѐ, НМНР даде позитивен фидбек за проектот во врска со напредокот на активностите и квалитетот на извештаите доставени од НДЦ Скопје. Според НМНР, соработката генерално била ефективна и ефикасна. Благодарение на својата долгорочна природа, НМИО овозможи индикатори за очекуваните ефекти врз вклучените заедници. Во моментов, ова најмногу се однесува на училишната средина, а постојат индивидуални примери на влијание врз интеракцијата и организацијата на активностите во слободно време. Регистрирано е зголемување на интеркултурните активности воопшто, социјализација и интеракција на децата, интеракција помеѓу децата и наставниците со различно етничко потекло, волја за учење во повеќејазично училиште, учество на родителите во интеркултурни активности и намалување на бројот на случаи на нетолеранција, непријателство и насилство. Што се однесува до родителите, НМИО успеа да го ублажи нивниот првобитен отпор кон интеркултурните активности. Иако се посветуваше целосно внимание на квалитетот на образовната програма и градењето капацитети за нејзино спроведување, одржливоста на програмата, а посебно нејзините политички и финансиски аспекти не беа приоритет при подготовката на претходните проекти. Ова делумно е компензирано со различни интервенции при спроведување на програмата. Ниту една од вклучените страни никогаш систематски не го анализирала градењето на локална одговорност, како и планот за финансирање и стратегијата за излез. Сепак, позитивно е да се забележи дека мнозинството испитаници сметаат дека е можно да се развие финансиски одржлив план, да се мобилизираат локални и меѓународни ресурси и постепено да се подобрува одржливоста на програмата.

## 2. Методологија и ограничувања на ревизијата

Ревизијата целосно ја опфати Програмата на НМИО во периодот 2008-2019 година, со вклучување на сите нејзини елементи и географски области во Северна Македонија. Покрај тоа, во согласност со Проектната задача, со ревизијата се разгледани и други практики на интегрираното образование во слични пост-конфликтни контексти, со цел да се процени дали интегрираното образование функционира и што е тоа што го прави одржливо како модел. Ревизијата беше спроведена според критериумите на ОЕЦД/ДАЦ (релевантност, ефективност, ефикасност, влијание и одржливост).

Првата фаза се состоеше од прелиминарен преглед на избраната проектна документација и први интервјуа со НМНР во август 2019 година за запознавање со проектите и логиката на интервенцијата, идентификување на теоријата на промена во нивната заднина, како и прочистување на методологијата. По ова следеше прибирање на податоци преку детален преглед на работната документација, посета на Северна Македонија и интервјуа лице в лице и на далечина со Центарот за мир и дијалог на Нансен, претставниците на НДЦ Скопје, актерите вклучени во образовниот сектор и граѓанското општество, 9 основни и средни училишта каде што се применува НМИО (раководни лица, наставници, родители и деца), меѓународните организации и донатори ангажирани во градење на мирот и во образованието и релевантните организации во регионот на Западен Балкан, како и на меѓународно ниво. Полуструктурирани прашалници се користени во интервјуата (сеопфатен прашалник) и во фокус-групите (5 насочувачки прашања за клучните аспекти на ревизијата). Со ревизијата се опфатени вкупно 107 клучни информатори, од кои 77 жени и 30 мажи. Родовата нерамнотежа се должи на учеството на голем број наставници и училиштен персонал, професии коишто главно ги вршат жените. Организирани беа теренски посети на пет локации во Северна Македонија, при што беа интервјуирани вработени во образованието од поголем број околни општини и села.

## 3. Клучни наоди

### 3.1 Релевантност

#### 3.1.1 Релевантност за контекстот во којшто се наоѓа земјата, националните образовни приоритети и приоритетите на програмата на НМНР

Охридскиот рамковен договор (ОРД) од 2001 година, потпишан помеѓу Владата на Северна Македонија и претставниците на етничките Албанци, во голема мера беше успешен во поглед на прекинувањето на непријателствата, доброволното разоружување на вооружените групи на етничките Албанци, реформата на владата и напредокот на политичките и културните права на малцинствата. Според ОРД, секој јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението на национално ниво се смета за службен. Секој

јазик којшто го користат најмалку 20% од населението на општинско ниво, исто така, се смета за службен во таа општина. Со ОРД се наложува достапност на образованието на јазиците на кои зборуваат повеќе од 20% од населението. Оттогаш, ова е интегрирано во националните реформи, вклучувајчи ја и образовната реформа, и стана редовен дел од политичкиот дискурс за образованието. Обезбедувањето културни права и правото на образование на мајчин јазик на жителите на Северна Македонија донесе уште еден предизвик - зголемување на бројот на моноетнички училишта и поделба во мултиетничките училишта со цел организирање на паралелна настава на различни јазици. Речиси 100% од етничките Македонци учат на македонски јазик, 98,3% етнички Албанци учат на албански јазик, а 67,5% од етничките Турци учат на турски јазик, додека децата од другите етнички групи (Роми, Срби, Власи, Бошњаци) главно се запишуваат во училишта со македонски наставен јазик. Како последица на тоа, загрозена е интеракцијата и комуникацијата помеѓу децата со различно етничко потекло. Повеќето од нив имаат многу ограничено познавање на јазикот на другиот и при комуникација користат англиски јазик, наместо некој од локалните јазици. Во некои училишта, поделбите се дополнително помогнати со организирање на наставата на различни јазици во различни смени, организирање на одделни екскурзии, културни активности и сл. Моноетничките училишта не нудат доволно можности за интеракција. Анализата на учебниците, којашто ја спроведоа експерти на НДЦ Скопје, покажа дека во нив недоволно се промовираат интеркултурализмот, мултикултурализмот и соработката и дека тие се прилично неутрални (како, на пример, учебниците по природни науки) или во нив се промовира културата и наследството на етничката група за којашто се наменети (јазици и општествени науки). Во учебниците од облата на уметноста, сепак, главно се претставени македонската култура и уметници, а тие се преведени на други јазици без адаптација.

Во една неодамнешна студија на ОБСЕ за перцепциите на меѓуетничката интеграција во образованието во Северна Македонија се истакнуваат генерално позитивни перцепции, ставови и мислења во поглед на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието кај училишниот персонал, учениците и родителите. Сите тие имаат позитивен став кон идејата за заеднички активности на учениците; сепак, сите испитаници од сите етнички групи имаат негативен став кон учење на други локални јазици. Во извештајот се повикува на повеќе можности за контакт, посебно помеѓу двете најизолирани заедници (Македонци и Албанци) и на вклучување на Ромите. Националната стратегија за образование и Акцискиот план 2018-2025 7 се фокусираат на подобрување на квалитетот на образованието, модернизација и адаптација кон развојните трендови, поддршка на критичкото мислење кај децата, развој на компетенциите за активно и релевантно учество во општествениот живот и инвестирање во инфраструктурата, вклучително градбите, опремата, наставните и асистивните технологии и човечките ресурси во училиштата. Стратегијата дава приоритет на

инклузивноста и меѓуетничката интеграција во предучилишно, основно и средно образование (Приоритет II под секој столб). Сепак, во слабата економска и кревката политичка средина, оваа Стратегија, како и стратешките документи за интеркултурно и меѓуетничко образование што следуваа по неа, нема јасен финансиски план за имплементација на утврдените мерки. Во таков контекст, НДЦ Скопје ја спроведува програмата НМИО од 2008 година и нуди единствена фреквентна и континуирана интеркултурна програма којашто се одвива во текот на целата учебна година.

Методологијата на НМИО досега е применета во 19 општини, во 27 основни и средни училишта во кои наставата се одвива на два или повеќе службени јазици (т.н. мешани или мултиетнички училишта). Ова е овозможено со заеднички часови за децата од различни етнички групи помеѓу училишните смени, со што е овозможен единствен простор за заедничка интеракција и учење на два јазика еднаш до двапати неделно. Заедничките часови развиваат соработка, конструктивна комуникација, почитување и прифаќање на различностите кај децата, како и логичко, флексибилно и критичко мислење. Училиштата се избрани со јавен повик, а заинтересираноста за НМИО е поголема отколку што може да се покрие со постојниот буџет. Покрај децата, НМИО има за цел да влијае и врз наставниците и врз родителите. Во наставниот план за НМИО се интегрирани содржини за различноста и за родови и маргинализирани групи. Центарот за обука на НМИО, формиран заеднички од НДЦ Скопје и Министерството за образование и наука, на наставниците им нуди стандардизирана практична и теоретска обука, менторство и годишни работни планови и алатки за имплементација за секое одделение од основно и средно училиште. Покрај тоа, НДЦ Скопје ги снабдува училиштата со опрема и работни материјали (лепак, хартија, ткаенини, маркери, бои и др.) за часови, кои генерално недостасуваат во училиштата во Северна Македонија. Опремата се користи и за модернизација на редовната настава во училиштата. За разлика од другите програми, програмата на НМИО успеа да ги поддржи активностите во истите училишта 5-6 години, благодарение на постојаната поддршка од НМНР. Покрај НМИО, НДЦ Скопје ја поддржа и анализата на содржините посветени на мултикултурализмот и интеркултурализмот во учебниците, ревизијата на наставните програми и развојот на стратешки документи за интеркултурно образование. Иако се практикуваат, стратешките интервенци на НДЦ Скопје сè уште се на ниво на идејни дискусии на темата интеркултурно образование, а не се оперативни и ориентирани кон одржливоста, па и во извештајот треба да бидат третирани на таков начин. Сите клучни информатори сметаат дека интеркултурното образование е мошне важно во македонскиот контекст, додека актерите во образовниот сектор (Министерството за образование и наука, раководните лица и училишниот кадар), родителите и децата јасно укажаа дека, кога станува збор за етнички мешаните училишта, НМИО е најсоодветен пристап во кој некогаш учествувале. Некои од најважните карактеристики што го разликуваат од другите спроведени програми се: континуитет и

фреквентност на часовите што дава можност за влијание, професионално развиена програма приспособена на потребите и возраста на децата, проследена со наставни планови, осмислување на часови, прирачници, алатки, опрема и материјал за имплементација. Освен тоа, испитаниците сметаат дека НМИО практикува постепен и детален пристап кој ветува остварување на очекуваните промени. Сите испитаници го истакнаа ангажирањето на универзитетски професори за развој на политики, евалуација и спроведување на дел од обуките, што го сметаа како добредојдена поддршка.

## 4. Ефикасност

Ефикасноста е перципирана преку управување со програмата, координација на активностите и исплатливоста на доделените средства. Забележана е соработката со НМНР, институциите и другите актери во Северна Македонија за избегнување на удвојување. Анализата на буџетот и расходите покажува дека планираните и реалните трошоци биле разумни и во согласност со локалните цени во Северна Македонија и контекстот на работењето (реформа на образованието, водење на центар за обука и програми во училиштата). Трошоците се пропорционални со степенот на труд вложен за спроведување на една таква програма. Сепак, идентификуваната недоволна ангажираност на НДЦ Скопје во промоција на одржливоста и градење на националната одговорност над моделот и пристапноста до заедницата, како и големата зависност на организацијата од финансиската поддршка на НМНР, остава простор за подобрување на економичноста. Ова првенствено се однесува на внатрешната реорганизација и пренасочување на дел од постојниот персонал кон овие други компоненти на кои треба да се внимава во иднина, покрај огромниот фокус врз имплементацијата на образовниот аспект на НМИО. Во поглед на имплементацијата и севкупниот напредок, последниот проект започнал со деветмесечно одложување, што потоа предизвикало репрограмирање на сите планирани активности. Пред тоа, обично имаше кратки растојанија помеѓу проектите коишто беа надминати со одобренија за продолжување без дополнителни трошоци или други ресурси. Нема поголеми отстапувања од страна на НДЦ Скопје во процесот на вклучување на нови училишта, обука на наставниците и спроведување на програмите, а доцнењето е главно компензирано во текот на процесот. Подолготрајното одложување помеѓу проектите предизвика загриженост кај корисниците.

## 5. Влијание

НДЦ Скопје постојано ги следеше и оценуваше своите активности на НМИО, а од почетокот на последниот договор инвестираше во проучување на мултикултурната

состојба во училиштата-партнери и придонесот на НМИО во постигнатиот ефект. Спроведени се основни студии за интеркултурната состојба во пет мултиетнички училишта. Во оваа фаза, достапна е една компаративна студија за Основното училиште „Гоце Делчев“ во Гостивар, во која е споредена меѓуетничката состојба во 2017 и 2018 година. Разгледани се аспекти на: социјализација меѓу учениците Македонци и Албанци, нивни заеднички активности, интерес за учење на јазикот и културата на другиот, подготвеност и интерес за соживот, нетолеранција и непријателство, комуникација и соработка, интеркултурализам во наставниот процес, учество на родителите во интеркултурните училишни активности, соработка со стручната служба и интеркултурна димензија на училишниот простор. Позитивни трендови може да се забележат во порастот на бројот на интеркултурни активности, социјализацијата, подготвеноста да се учи во повеќејазично училиште, учеството на родителите во интеркултурни активности, намалениот број случаи на нетолеранција и непријателство, итн. Многу од ефектите беа поврзани со часовите на НМИО во фокус-групата коишто следеа по истражувањето. Со ревизијата се потврди сличното влијание на НМИО во сите училишта вклучени во процесот. Децата знаат дека одат во исто училиште, повеќе комуницираат кога ќе се сретнат, има помалку предрасуди, тензии и насилство во училиштата, децата со задоволство заедно ги слават празниците и ги презентираат своите традиции и обичаи, знаат традиционални песни од другата група, подготвуваат културни и танцови активности за патрониот ден на училиштето итн. Во училиштата во коишто децата не се поделени во смени, интеракцијата и играњето може да се забележат во текот на одморите. Многу испитаници забележаа дека децата сакаат да комуницираат, но интеракцијата честопати се одвива само на англиски јазик, бидејќи јазикот на другата група го познаваат само на основно ниво. Интеракција има и меѓу деца и наставници од различно етничко потекло. Наставниците истакнаа дека НМИО им овозможува на децата да учат и според модел, гледајќи ги наставниците како комуницираат за време на часовите и меѓу нив. И родителите и наставниците честопати го користеле зборот „опуштено“ за опишување на меѓуетничката состојба во училиштата. Покрај подобрените меѓуетнички односи, наставниците известуваа за подобрено креативно и критичко мислење и самодоверба кај децата вклучени во НМИО, што е евидентно дури и во текот на редовната настава. Разбирањето на процесот на НМИО го намали степенот на отпор којшто родителите го имаа кон интеркултурните активности, што беше присутно кај дел од нив на почетокот на програмата. Не е регистрирано напуштање на часовите на НМИО, освен во случај на преселба на семејството во друг град или во странство. Не се пријавени други ефекти врз родителите, освен што само се познаваат. Ова соодветствува на помалиот интензитет на заеднички активности со родителите. Некои родители поинтензивно учествуваа во фазата на воведување на НМИО во училиштата, со цел да го разберат концептот. Ефектите најмногу се забележуваат во училишната средина и излетите организирани од

училиштата. Само мал број примери се идентификувани кај активностите на слободното време. Еден пример за тоа се деца што учествуваат во спортски и игровни активности (благодарение на фактот што живеат во иста населба), а еден пример е и дете што посетува приватни часови по албански јазик, благодарение на интересот предизвикан од НМИО. Мал број родители покажале интерес нивните деца да учат македонски јазик. Со НМИО не е поврзан или пријавен ниту еден случај на одење на гости кај деца со различна етничка припадност. Идентификувани се неколку примери на пријателство и размена на социјалните мрежи. Наставниците изјавиле дека повеќе се самопочитуваат, но и дека чувствуваат како родителите повеќе ги почитуваат и разбираат по вклучувањето во НМИО. Ова е благодарение на квалитетот на спроведувањето на часовите и нивните резултати, задоволството на децата, опремата, дидактичките средства и материјали за работилници коишто обично недостасуваат во училиштата. Освен тоа, тие пријавиле подобрена интеракција во текот на работното време, како и во слободното време (дружење, кафе, интеракција преку социјалните мрежи и сл.), посебно кај наставниците што работат во тандеми. НМИО значително ја смени интеракцијата на наставниците - порано наставниците што над една деценија работат во истото училиште воопшто не се познавале. Наставниците известиле и за соработката поврзана со размена на идеи и искуства во текот на редовната настава. Со ревизијата е утврдено дека потенцијалот на НМИО ги опфаќа училиштата во кои децата не се поделени во смени според наставен јазик и во кои се изведуваат други активности, како што се заеднички организирана теренска настава и екскурзии.

**Заклучоци**

**Релевантност**

▪ Програмата НМИО на НДЦ Скопје (2008-2019) е многу важна за контекстот по конфликтот и реформите во Северна Македонија и е усогласена со сите приоритети на НМНР, стратешките приоритети на земјата во образованието и социјалната кохезија и потребите на училишта што учествуваат во неа.

▪ Приоритетот на интеркултурното образование е препознаен од владата, телата задолжени за образованието, донаторската заедница и организациите на цивилното општество, иако иницијативите во голема мера зависат од надворешни извори на финансирање. Неколку национални стратегии му даваат приоритет на интеркултурното образование, но тие не се проследени со соодветни системи за управување со перформансите и распределување на средствата.

▪ Теоријата на промени и програмскиот дизајн на НМИО и избраните стратегии, како што се презентирани и имплементирани, се кохерентни во поглед на ограничувањето на

етнички заснованата сегрегација во вклучените училишта и на промовирањето на интеркултурализмот во заедниците.

▪ Теоријата на промени не успева да го интегрира градењето на локалната одговорност и одговорноста на институциите за образовните реформи на сите нивоа, управувањето и финансирањето, а не ги зема предвид ниту другите тековни иницијативи поврзани со интеркултурното образование.

**Ефективност**

▪ Во услови во кои образованието е поделено според наставниот јазик, што најчесто соодветствува на етничкото потекло на децата, НМИО е единствен модел во Северна Македонија што обезбедува фреквентен и долготраен простор за интеракција меѓу децата и наставниците, вграден во наставниот процес на секое училиште.

▪ НДЦ Скопје на наставниците им нуди ефикасна и сеопфатна обука, совети и менторство, годишни програми за НМИО за секое одделение за училиштата и наставниците и алатки за имплементација, придонесува за организирање на интеркултурен амбиент во училиштата и ја обезбедува потребната опрема и дидактички средства и материјали за работилници, коишто обично се дефицитарни во училиштата.

▪ Иако во проектниот документ не се поставени многу квантитативни цели, со ревизијата се прибрани доволен број докази за да се заклучи дека програмата многу придонесува за децата да постигнат добри резултати на часовите според НМИО, меѓу другото учење на јазикот, културата, религијата и обичаите на другиот, развивање на компетенциите за креативно, критичко и флексибилно мислење и решавање на проблеми. Покрај тоа, програмата придонесе за развој на вештините и на тимската работа на наставниците од различно етничко потекло и за подобрување на квалитетот на редовната настава.

▪ Иако другите аспекти на проектот - поврзани со реформата на наставната програма и интеркултурните воннаставни активности - беа со висок квалитет, тие сепак не се спроведени поради недостиг на политичка волја од страна на актуелниот министер за образование.

▪ Другите поголеми проекти во сферата на интеркултурно образование ги спроведува УСАИД со своите партнери и ОБСЕ. Иако се избегна преклопување во тековните активности, не постои координација помеѓу овие проекти и НМИО. Координацијата и синергијата може да им биде од полза на сите програми и да придонесе за укинување на политичките бариери.

**Ефикасност**

▪ Клучни предизвици со коишто се соочуваше проектот вклучуваат почетно одложување од 9 месеци, поради што мораше да се изврши репрограмирање на активностите. Впечаток е дека НДЦ Скопје главно успеа да се приспособи на плановите.

▪ Друго отстапување од планот се однесува на реформата на наставните програми и ревидирање на учебниците. И покрај спроведувањето на сите потребни ревизии, анализи и извештаи, со промената на владата политичката согласност за овој процес беше повлечена од новиот министер.

▪ НМНР редовно беше известувано за развојот на настаните и ги одобруваше измените.

▪ Сè на сè, НМНР немаше забелешки за напредокот на активностите и квалитетот на извештаите доставени од НДЦ Скопје и соработката се сметаше за ефикасна.

▪ Некои оперативни предизвици се појавуваат повремено во примената на НМИО во училиштата.

▪ Средствата доделени од НМНР треба да се сметаат не само како грант за програмата, туку и како темелно финансирање. Во моментов, главен аспект на работата на НДЦ е насочен кон НМИО и курикуларната реформа, каде што се постигнуваат добри резултати. Во однос на внатрешната организација, во услови на слаби перспективи за одржливост и зависност од финансиски средства од НМНР, потребна е внатрешна реорганизација и (доколку е потребно) градење на капацитети за успешно справување со предизвиците.

**Влијание**

▪ Врз основа на една компаративна студија за Основното училиште „Гоце Делчев“ во Гостивар, споредбата на меѓуетничката состојба во 2017 и 2018 година со наодите на ревизијата води кон заклучок дека се постигнати одредени резултати, посебно таму каде што тоа беше и очекувано.

▪ Постојат позитивни трендови во подобрувањето на интеркултурните активности, социјализацијата и интеракцијата за време на одморот, интеракцијата помеѓу децата и наставниците од различно етничко потекло, волјата да се учи во повеќејазично училиште, учеството на родителите во интеркултурни активности и намалувањето на бројот на случаи на нетолеранција, непријателство и насилство.

▪ Разбирањето на процесот на НМИО го намали првичниот отпор што дел од родителите го имаа кон интеркултурните активности на почетокот на програмата; не беше регистрирано напуштање на часови од овој тип.

▪ Влијанието најмногу се забележува во училишната средина и излетите организирани од училиштата, додека само мал број примери беа идентификувани во активностите на слободното време.

**Одржливост**

▪ Покрај интеграцијата на моделот во образовниот процес и градењето капацитети на персоналот, НДЦ Скопје нема систематски пристап за развој на одржливоста на НМИО. Ова особено се однесува на финансискиот аспект и, до одреден степен, на аспект на политиката.

▪ Стратегијата за излез и пренесувањето или споделувањето на одговорноста никогаш не биле разгледани од страна на ниту еден од актерите на процесот. Охрабрува фактот што повеќето од испитаниците сметаат дека е можно да се развие план за финансиска одржливост во којшто би биле вклучени и локални и меѓународни ресурси, што постепено и се остварува.

▪ НДЦ Скопје одржува дијалог со Министерството за образование и наука, но ангажманот и поддршката од други институции и организации во образовниот сектор се незадоволителни. Потребно е да се изгради поширока мрежа на истомисленици во мошне турбулентниот политички амбиент на Северна Македонија, бидејќи владините и високите функционери лесно се менуваат како последица на внатрешно-политичката динамика или надворешните влијанија (на пр., неодамнешниот неуспех на земјите-членки на ЕУ да се согласат околу започнувањето на формални пристапни преговори). Добредојдена би била и дипломатска поддршка од страна на НМНР.